# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ
# ВО 2004 ГОДИНА

## В О В Е Д

Донесувањето на Законот за судски буџет беше предопределено од операционализација на уставниот постулат за поделба на власта на законодавна, извршна и судска. Уставниот основ за донесување на Законот е содржан во членот 68, став 1, алинеа 2 од Уставот на Република Македонија, според кој Собранието на Република Македонија е надлежно да донесува закони. Местото, улогата, положбата, надлежностите и начинот на функционирањето на судството во Република Македонија се регулирани со Уставот на Република Македонија во посебен оддел.

Принципот на поделба на власта, утврден со Уставот на Република Македонија ја налагаше потребата за зајакнување на независноста на судството и во однос на финансирањето и одлучувањето за потребите на потребни финансиски средства, неопходни за функционирање на судската власт во Република Македонија.

Законот за судски буџет, се засновува на начелата на независност на судската функција, самостојноста и компетентноста, непристрасноста при примената на правото, правната сигурност на граѓаните и други начела утврдени со Уставот на Република Македонија и Законот за судовите.

Судовите во Република Македонија се востановени како самостојни и независни органи што ја вршат судската власт. Во Законот за судовите се прецизирани основните принципи и начела врз кои е одредена положбата на судовите во правниот систем, поставеноста организацијата на судството, дефинирани се надлежностите, прецизирани се основните начела на постапката во која судовите решаваат за правата, слободите и интересите на граѓаните, а афирмирани се и основните принципи преку кои се обезбедува самостојна и независна положба на судовите и судиите во вршењето на судската функција.

## ЗАКОН ЗА СУДСКИ БУЏЕТ

Со Законот за Судски Буџет средствата за финансирање на судската власт се изразени како посебен дел во Буџетот на Република Македонија.

Донесениот Закон за судскиот буџет,  ја уредува постапката на изготвувањето, донесувањето и извршувањето на судскиот буџет и основањето и работењето на Судскиот буџетски совет. Тој е концепиран во 21 одредба, со посебни глави: Општи одредби; Приходи и расходи на судскиот буџет; Судски буџетски совет;  Стручна служба; Изготвување, доставување, донесување на судскиот буџет и негово извршување; и Преодни и завршни одредби.

Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија. Тој претставува годишна проценка на приходите и на расходите на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за финансирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија издвоен како посебен дел означен со "Судска власт". Приходи на судскиот буџет се средствата определени од Буџетот на Република Македонија.

Делот на средствата "Судска власт" во Буџетот на Република Македонија се утврдува во вкупен износ во согласност со критериуми утврдени од Судскиот буџетски совет. Средствата од делот "Судска власт" Судскиот буџетски совет ги распределува на судовите, при кое распределување, најмалку 2% задолжително се издвојуваат за стручно усовршување на судиите.

Во случај на Ребаланс на буџетот на Република Македонија, износот на делот  од средствата за "Судската власт" претрпува измени како и кај секој друг корисник на буџетските средства.

Расходите на судскиот буџет ги сочинуваат *тековни расходи и капитални расходи.*

Тековните расходи содржат средства за плати и надоместоци по основ на плата на судиите, секретарите на судовите, самостојните судски советници, судските советници, стручните соработници и приправниците, за судската администрација и техничките служби во судовите; средства за стоки и услуги

за работа на судовите и средства за расходи во постапките кои се водат во судовите; стручна обука на судиите, секретарите, самостојните судски советници, судските советници, стручните соработници, приправниците и судската администрација; како и за други плаќања за други расходи од редовната работа на судовите.

Капиталните расходи се однесуваат на набавка на капитални средства за судовите и за инвестиционо одржување на објектите и опремата на судовите. Судскиот Буџетски Совет како надлежен орган за спроведување на Законот за Судски Буџет се грижи за инвестиционите потреби, за судството.

## ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА СУДСКАТА ВЛАСТ

Судскиот буџетски совет, кој ќе се формира како орган за спроведување на финансирањето на судската власт, ги врши работите определени со овој закон, Деловникот за работа и други акти.

Судскиот буџетски совет го сочинуваат претседател и осум членови. Претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, а членови на Судскиот буџетски совет се: Претседателот на Републичкиот судски совет; Министерот за правда; Претседателите на Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Штип и Апелациониот суд Битола; тројца претседатели на основни судови по редоследот предвиден во Законот за судовите, по систем на ротација, со мандат од една година.

Судскиот буџетски совет работи на седници. Седниците на Судскиот буџетски совет ги свикува и со нив раководи претседателот на Судскиот буџетски совет. Тој одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. Претседателот на Судскиот буџетски совет го застапува делот на средства "Судска власт" од Буџетот на Република Македонија *на седницата на Владата на Република Македонија*, кога се усвојува Предлог буџетот *и пред работните тела и на седницата Собранието кога се усвојува Буџетот на Републиката.*

Надлежностите на Судскиот буџетски совет се законска одредба со која се утврдува неговата надлежноста, односно Советот ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судскиот буџет; врши распределба на средства од судскиот буџет и презема мерки за навремено извршување на судскиот буџет; презема активности и мерки за навремено извршување на судскиот буџет; одобрува средства за нови вработувања во судовите во рамките на утврдениот буџет за маса на исплата на плати; го донесува Деловникот за работа и другите внатрешни акти; и врши други работи предвидени со закон.

## СТРАТЕГИСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА СУДСКАТА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Изготвувањето на судскиот буџет, распределба на средства од судскиот буџет и извршување на судскиот буџет, се врши согласно статегиските приоритети и цели на судството во Република Македонија кои се децидно дефинирани:

- *финансиска поддршка на реформите во судството во Република Македонија*, заради јакнење на независноста и самостојноста на судството во однос на законодавната и извршна власт;
- *зголемување на ефикасноста на судовите,* преку промени во организационата поставеност и надлежноста на судовите во Република Македонија и поедноставување на судските постапките или алтернативно решавање на споровите;
- *финансирање на антикорупциските активности на судовите*, преку реформа на кривично-правниот систем; граѓанско-правниот систем и управниот систем;
- *исполнување на одредбите од Рамковниот Договор*, во однос на примената на јазикот на припадниците на заедниците и начелото на соодветна и правична застапеност;

- *едукација на судиите, државните службеници и другите вработени во судовите,* преку реализација на едукативната програма на судската власт;

- *финансирање, следење и контрола на трошоците за редовно функционирање и работа на судовите* (трошоци во постапките, стоки и услуги и други трошоци);

- *Стратегија, програма и стабилно финансирање на капиталните инвестиции во судовите*;

- *инвестиционо одржување на објектите и опремата во судовите*;

- *развој и одржување на информатиционот систем за судската власт*, како дел од програмските задачи за зголемување на ефикасноста на судството, преку воведување на информатичка технологија во судовите и понатамошно следење на реализацијата на Проектот КАРТС, Проектот за модернизација на судството во Македонија на УСАИД-ДПК и др.;

-

## ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ОДЛУКИТЕ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ И СУДСКИОТ БУЏЕТ

Административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши стручна служба на Судскиот буџетски совет. Стручната служба е формирана како внатрешна организациона единица на Врховниот суд на Република Македонија, а со неа раководи Раководител на Сектор Судски Буџет, кое се пополнува согласно Законот за државни службеници, по претходна согласност од Судскиот буџетски совет.

Стручната служба согласно овој закон, ги извршува одлуките на Судскиот буџетски совет; да ги проучува потребите на судството; да ги разработува финансиските показатели поврзани со барањето на судовите и ги следи материјалните потреби на судството; ја следи работата и го информира Судскиот буџетски совет за употребата на средствата доделени на судовите; ги изготвува Деловникот за работа и другите внатрешни акти, како и критериумите и методологијата за подготвување на судскиот буџет и ги

поднесува на Судскиот буџетски совет на усвојување; и да врши други работи определени, односно доверени од страна на Судскиот буџетски совет.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ

Изготвувањето на судскиот буџет се врши врз основа на директивите и целите на макроекономската и фискална политика на Република Македонија и главните категории за проценетите приходи и расходи за наредната буџетска година што ги изготвил министерот за финансии и внатрешните критериуми и методологија утврдени од Судскиот буџетски совет. Планирањето на средствата за секоја фискална година, се изготвува врз основа на дефинираните параметри: економска класификација која се доближува до меѓународните економски класификации, интегрирање на стратешките планови на буџетските корисници со буџетското планирање, воведување на тековни владини програми, унапредување на програмите на буџетските корисници, дефинирање на индикаторите за успех и вреднување на резултатите, утврдување на максималните износи на расходи на функционално ниво.

Стручната Служба на Судскиот буџетски совет изготвува буџетски циркулар според упатството на Министерството за финансии во кој се содржани главните насоки за изготвување на буџетите и го доставува до судовите. Во циркуларот е содржана методологијата за изготвување на буџетите на корисниците (клучните параметри, постапката и рокот за изготвување на буџетите), како и индикативните вкупни расходи за секој корисник, во чии рамки треба да биде изготвена проценката по видови и неопходните податоци кои се приложуваат кон буџетот.

Судовите за изработка на судскиот буџет за секоја наредна година, до Стручната Служба на Судскиот буџетски совет ги доставуваат следните податоци: проценка на расходите за фискалната година, според трошковни ставки и подставки; проценка на расходите за наредните две фискални години по трошкови под категории; преглед на потребните расходи за неопходната работна сила за извршување на функциите на корисниците; предлози кои ги

содржат идните обврски или повеќегодишните расходи, вклучувајќи ги инвестиционите проекти искажани поединечно; и расходите за секоја идна година искажани пооделно.

Покрај овие податоците корисниците доставуваат и образложение за висината на износите по позиции, заради анализирање и контрола на сите буџетски предлози од страна на надлежните органи.

По добивањето на предлозите Стручната Служба на Судскиот буџетски совет го изготвува предлогот на судскиот буџет, истиот се усвојува на седница на Судски буџетски совет и заедно со образложението за висината на годишниот износ на потребните финансиски средства за судската власт, се доставува до Министерството за финансии на разгледување.

Пред доставувањето на предлогот на Буџетот на Република Македонија до Владата на Република Македонија, министерот за финансии задолжително го усогласува делот на средствата "Судска власт" од предлог Буџетот на Република Македонија со претседателот на Судскиот буџетски совет.

По усвојувањето на Буџетот на Република Македонија од страна на Собранието на Република Македонија, Стручната Служба врши негова годишна распределба по судови, која распределба се разгледува и усвојува за секој суд поединечно на седница на Советот. Понатаму секој претседател на суд е одговорен за извршувањето на годишно распределениот буџет за соодветниот суд.

Во рамките категоријата за тековни расходи алокацијата на средства за ставката одржување на хардверска и софтверска опрема и едукавција на судии и судска администрација, се операционализира со донесување на соодветни годишни програми. Имено, овие средства остануваат во рамките на судската власт, без нивна распределба по единки корисници, заради потребата од донесување на одлуки од страна на Судскиот Буџетски Совет за нивно операционализирање.

Согласно извештајот за реализација на Судскиот Буџет за 2004 година, Судскиот Буџетски Совет ги донесе следните заклучоци:

- Со буџетот за судската власт за 2004 година, ***во глобала е направена правилна распределба на средствата на седница на Советот, поединечно за секој суд, согласно релативните показатели за искористеност на средствата по одделни ставки.***

- Тековната реализација на распределените буџетски средства по судови е обврска на секој претседател на суд, кој е одговорен за извршувањето на годишно распределениот буџет за соодветниот суд;

- Работењето на судовите во 2004 година, по операционализацијата на судскиот буџет, подлегна и на редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија, а извршените контроли ќе ги констатираат неправилности во процесот на извршувањето на судскиот буџет во судот, за кои неправилности ќе биде известен Судскиот буџетски совет, Министерството за правда и Републичкиот судски совет;

Контрола на извршувањето на судскиот буџет се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија;

Изминатата 2004 година, беше година на заокружување на едногодишниот временски период од функционирањето на судскиот буџет. Тоа беше година во која се лоцираа најакутните тешкотии во неговото спроведување и се донесоа соодветни заклучоци за идните активности и приоритети за судската власт;

- Покрај законската рамка за спроведување на законот за судски буџет и неговата операционализација, во едногодишниот период на функционирање на судскиот буџет се промовира и принципот на транспарентност во работата на судската власт, се со една генералната цел-понатамошно развивање на независноста и ефикасноста на судскиот систем во Република Македонија;

- Со судскиот буџет е направен голем чекор напред во зајакнување на контрола во трошењето на буџетските средства преку трезорскиот систем на Република Македонија, централизираната распредебна на средствата по

судовите и тековното и секојдневното следење на спроведување на активностите;

Контрола на извршувањето на судскиот буџет се врши согласно одредбите од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија. Тековната внатрешна ревизија на извршувањето на судскиот буџет се врши од страна на независен внатрешен ревизор.

На судскиот буџет се применуваат одредбите од Законот за буџети, доколку со овој закон не е поинаку определено.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2004 ГОДИНА

Донесениот Закон за судскиот буџет, кој функционира од 01.01.2004 година, по своето едногодишно работење ги даде првите показатели за успешноста во неговото функционирање.

Со судскиот буџет во изминатиот едногодишен временски период се финансираше судската власт во Република Македонија. Судскиот буџет беше определен како дел од Буџетот на Република Македонија, односно приходите на судскиот буџет се средствата определени од Буџетот на Република Македонија.

Во 2004 година, со одлука на Судскиот Буџетски Совет средствата од делот "Судска власт" ги распредели на судовите, при кое распределување, најмалку 2% задолжително се издвојуваат за стручно усовршување на судиите.

Со Ребалансот на Буџетот на Република Македонија, разделот "Судската власт" се изврши измени на буџетски одобрените средства за 2004 година, како и кај секој друг корисник на буџетските средства и вкупниот буџет за судската власт беше намален, во апсолутен износ од 17.228.000 денари, односно за 1,5% од одобрените средства со Буџетот за 2004 година. Измените беа направени на следните категории:

категорија 40-плати, наемнини и надоместоци, зголемување за 3.772.000 денари;

категорија 46-капитални расходи, намалување за 21.000.000 денари.

Анализата на реализацијата на средствата на судската власт за 2004 година, замајќи ги во предвид сите категории кои ги сочинуваат (*плати, наемнини и надоместоци, тековни расходи и капитални расходи), покажува релативен показател на реализација од 95,6%, а по категории показателите се следни:*

*категорија 40-плати, наемнини и надоместоци релативен показател на реализација од 98,18%;*

*категорија 42-тековни расходи релативен показател на реализација од 86,47%;*

*категорија 46-капитални расходи релативен показател на реализација од 90,33%.*

Најмал процент на искористеност е забележан кај категоријата 42-тековни расходи, кој произлегува од неискористените средства во целост на ставката за едукација на судии и судска администрација, со стапка на искористеност од 46,17%, и неискористените средства за одржување на софтверската и хардверската опрема за судската власт, со стапка на искористеност од само 2%. Заради високите износи на средства кои беа во 2004 година одобрени за овие намени, нивната недоволна искористеност се рефлектираше на вкупниот процент на искористеност за тековни расходи на ниво на судска власт.

Ако пак се разгледува искористеноста на тековните расходи по единки корисници, судовите, процентот на искористеност на истите се движи од 85%-99%.

Капиталните расходи кои се операционализираа со Годишната Програма за инвестициони активности во судовите за 2004 година, се со релативен показател на искористеност од 90,33%. Тие се однесуваа за набавка на капитални средства за судовите и за инвестиционо одржување на објектите и опремата на судовите.

*ЗАКЛУчОЦИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ:*

- и покрај недоволните показатели за распределба на одобрениот буџет за судската власт за 2004 година, ***во глобала е направена правилна распределба на средствата на седница на Советот, поединечно за секој суд, согласно релативните показатели за искористеност на средствата по одделни ставки.***

- тековната реализација на распределените буџетски средства по судови е обврска на секој претседател на суд, кој е одговорен за извршувањето на годишно распределениот буџет за соодветниот суд.

- работењето на судовите во 2004 година, по операционализацијата на судскиот буџет, подлегна и на редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија, а извршените контроли ќе ги констатираат неправилности во процесот на извршувањето на судскиот буџет во судот, за кои неправилности ќе биде известен Судскиот буџетски совет, Министерството за правда и Републичкиот судски совет.

- контрола на извршувањето на судскиот буџет се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

Изминатата 2004 година, беше година на заокружување на едногодишниот временски период од функционирањето на судскиот буџет. Тоа беше година во која се лоцираа најакутните тешкотии во неговото спроведување и се донесоа соодветни заклучоци за идните активности и приоритети за судската власт.

Покрај законската рамка за спроведување на законот за судски буџет и неговата операционализација, во едногодишниот период на функционирање на судскиот буџет се промовира и принципот на транспарентност во работата на судската власт, се со една генералната цел-понатамошно развивање на независноста и ефикасноста на судскиот систем во Република Македонија.

Со судскиот буџет е направен голем чекор напред во зајакнување на контрола во трошењето на буџетските средства преку трезорскиот систем на Република Македонија, централизираната распредебна на средствата по

судовите и тековното и секојдневното следење на спроведување на активностите.

Основен проблем и понатаму останува големиот износ на заостанатите нереализирани обврски на судовите, а кои го попречуваат функционирањето на основната дејност на судовите. Заклучно со 31.12.2004 година износот на нереализираните обврски за судската власт изнесува 72.848.687 денари и тоа:

- обврски до 30 дена износ од 14.133.239 денари;
- обврски до 60 дена износ од 8.732.087 денари и
- обврски над 60 дена износ од 49.983.362 денари.

Од приложеното се согледува дека обврските над 60 дена, кои всушност се и заостанатите нереализирани обврски на судовите од предходните години учествуваат со 68,61%.

Ако се земе во предвид структурата на заостанатите нереализирани обврски на судовите по ставки најголемите долгови се однесуваат на:

- *ставката за комуникации и транспорт*, со заостанати обврски во износ од 19.087.159 денари;

- *ставката за договорни услуги* (преводи, судски вештачења, договорни услуги и сл), со заостанати обврски во износ од 24.581.707 денари и

- *ставката за оперативни трошоци на судовите*, со заостанати обврски во износ од 15.998.543 денари.

| опис | Реализација на буџет судска власт за 2004 година-буџетски сметки | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно по ставки буџет 2004 | план вкупно по ставки | реализација вкупно по ставки | % на реализација за 2004 во однос на одобрен план | % на реализација за 2004 во однос на буџет |
| Вкупно 40 | 865.634.000 | 849.857.825 | 849.857.825 | 100,00 | 98,18 |
| Вкупно 42 | 211.947.000 | 211.998.225 | 183.279.115 | 86,45 | 86,47 |
| Вкупно 46 | 55.832.000 | 55.832.000 | 50.433.367 | 90,33 | 90,33 |
| Вкупно | 1.133.413.000 | 1.117.688.050 | 1.083.570.307 | 96,95 | 95,60 |




## Реализација на сопствените приходи на судовите за 2004 година

| опис | вкупно по ставки буџет 2004 | годишен план вкупно по ставки | реализација вкупно по ставки | % на реализација во однос на вкупно одобрен план за 2004 година | % на реализација во однос на вкупно одобрен буџет за 2004 година |
|---|---|---|---|---|---|
| вкупно 40 | 3.569.000 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| вкупно 42 | 64.784.000 | 71.029.461 | 61.434.010 | 86,49 | 94,83 |
| вкупно 46 | 371.000 | 520.999 | 372.800 | 71,55 | 100,49 |
| Вкупно | 68.724.000 | 71.550.460 | 61.806.810 | 86,38 | 89,93 |




| | вкупно 40 | вкупно 42 | вкупно 46 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| вкупно по ставки буџет 2004 | 3.569.000 | 64.784.000 | 371.000 | 68.724.000 |
| годишен план вкупно по ставки | 0 | 71.029.461 | 520.999 | 71.550.460 |
| реализација вкупно по ставки | 0 | 61.434.010 | 372.800 | 61.806.810 |

вкупно по ставки буџет 2004 ■ годишен план вкупно по ставки ■ реализација вкупно по ставки

## ИДНИ ТРЕНДОВИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ВО НАСОКА НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИТЕ ТРЕНДОВИ ВО МАКЕДОНСКОТО СУДСТВО И ПРЕСТОЈНАТА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Изминатата 2004 година, беше година на заокружување на едногодишниот временски период од функционирањето на судскиот буџет. Тоа беше година во која се лоцираа најакутните тешкотии во неговото спроведување и да се донесат соодветни заклучоци за идните активности и приоритети за судската власт. Покрај законската рамка за спроведување на законот за судски буџет и неговата операционализација, се промовира и принципот на транспарентност во работата на судската власт, се со една генералната цел-понатамошно развивање на независноста и ефикасноста на судскиот систем во Република Македонија.

Законот за судски буџет треба да биде во насока на реализирање на долгорочните трендови во македонското судство, и престојната реформа на

правосудниот систем. Во 2004 година тој почна да функционира, со повеќе или помалку тешкотии во неговото спроведување. Неговата реализација во истата година треба да ги покаже почетните резултати, но и идните насоки во однос на финансирањето и одлучувањето за потребите на судската власт. Судскиот буџет исто така со својот обем на финансиски средства и во иднина треба да ги обезбеди сите неопходни услови за функционирање на судската власт во Република Македонија.

Зајакнатата контрола во трошењето на буџетските средства преку трезорскиот систем на Република Македонија, буџетскиот дефицит на Република македонија, бавноста на реализацијата на договорените проекти наметнуваат потреба од сите институции, па и на судска власт, од интензивирање на активностите, отстранување на пречките и неодложно исполнување на зацртаните проекти. Затоа понатамошните насоки во функционирањето на судскиот буџет треба да се во насока на спроведување на реформите во судската власт и тоа преку:

- поттикнување на поголемо независно алоцирање и управување со средствата за судската власт преку менаџирањето со судскиот буџет;
- со неговата правилна имплементација треба да се овозможи зголемена ефикасност на судовите, што би значело регрупирање на заеднички активности со цел максимално искористување на одобрените буџетски средства во нивни намени;
- судскиот буџет треба да овозможи создавање на подобри оперативни и динамични планови, кои ќе ги пресметуваат трошоците на едно оптимално ниво, и неопходност од редовно намирување на долговите кон претпријатијата кои обезбедуваат услуги за судовите;
- и наменско реализирање на финансиските средства од судскиот буџет.

**Скопје, јануари 2005 година**